# УВОДНИ
# СТИХОВИ





ГРАДИВО ЗА САБОТНА ШКОЛА

ВТОРО ТРИМЕСЕЧЈЕ 2025

*Сабота, 5 април 2025*

## СРЦЕ ШТО ГОРИ

**„И си рекоа еден на друг: ’Не гореше ли срцето во нас, кога ни зборуваше патем и ни ги толкуваше Писмата?’“** (Лука 24,32)

Во случајот со двајцата ученици на патот за Емаус во Евангелието според Лука (Лука 24,13-35), може да се забележи промена на расположението: од депресија во оптимизам. Од состојба на изгубена ревност во состојба на повторно пронајдена ревност. Кога Исус им се јавил на овие ученици на патот за Емаус, Тој им го објаснил Писмото кое зборува за Него и за она што Тој го поучувал. Изговорените зборови предизвикале нивните срца да се „разгорат за Исуса.“ Од една депресивна состојба тие преминале во состојба на оптимизам. Кај нив се појавила нова желба, нова љубов, нова ревност и нова визија за Бог-Исус. Исус разговарал со учениците објаснувајќи им ја Божјата реч и тогаш очите им се отвориле, тогаш духовно прогледале. Овој духовен увид го стекнале бидејќи Божјиот оган, кој тлеел во нивните срца, сега се разгорел. Без ревност кон Речта и кон Исуса, не може да се прими Божјата објавена вистина ниту истата да се разбере. Вистинска ревност повторно се раѓа само преку Светиот Дух, без кого ревноста е само еуфорично чувство кое трае „од денес до утре“. Господ сака да нè разбуди, да нè врати во состојба на ревност – срцето во нас да гори! Овој ден и ова богослужение е извонредна можност Бог да го разгори огнот на ревност во нашите срца.

*Сабота, 12 април 2025*

## БЛАГОСЛОВУВАЈ ГО ДУШО МОЈА

**„Благословувај Го Господа, душо моја, и сè што е во Мене: Неговото свето име! Благословувај Го Господа, душо моја, и не заборави ги Неговите добротворства: Тој ги проштава сите твои гревови, Тој ги ис-**

**целува сите твои болести; Тој ти го спасува животот од распадливост, те овенчува со добрина и љубов; Ти го исполнува животот со добрини, твојата младост се обновува како на орелот“ (Псалм 103,1-5).**

Тука Давид ѝ се обраќа на својата душа. Всушност, себеси си вели: - Не биди мрзелив, Давиде, не биди неблагодарен, не затворај се. Благодари му на Бога за сѐ што ти дава. И тогаш наведува шест специфични благослови зошто треба тоа да го прави.

1) Господ ги проштава сите твои беззаконија.

2) Господ ги исцелува сите твои болести.

3) Господ ја откупува твојата душа од уништување.

4) Господ те крунисува со добрина и милост.

5) Господ ти го исполнува животот со добрини.

6) Господ те подмладува – ја обновува твојата сила.

Драги браќа и сестри, драги пријатели на Божјата реч, ако ги разбираме овие шест непроменливи благослови од Господа, кои ни се достапни секој ден, тогаш не можеме да останеме рамнодушни. Не е доволно само да знаеме или само со умот да веруваме колку е добар Бог, туку таа вистина треба да ја присвоиме во својата душа.

За да го сториме тоа, треба практично да ја искажеме, како Давид: Да ја искажеме со нашите усни, со збор, својата вера во таков Бог. Да не ја искажуваме нашата вера во Божјите благослови, претставува сигурен доказ дека сме заборавиле, а што е уште полошо, себеси сме се оддалечиле од неговите благослови.

Еден од начините Божјата добрина да не се заборави е да се присетуваме на неа постојано и да му се заблагодаруваме на Бога за сите благослови, како што правел Давид. Ваквиот став ќе ја разбуди нашата душа и таа ќе го благословува Господа, а ние активно ќе учествуваме во неговите посебни благослови што ги подготвил за нас. Затоа, да го благословуваме и да го прославуваме Неговото име со песна број ______.

Сабота, *19 април 2025*

## КОЈ Е ИСУС?

Ниту еден сериозен историчар не се сомнева дека живеел човек по име Исус од Назарет.

Прашањето е: КОЈ Е ТОЈ?

За едни Тој е побогат од Бил Гејтс, попаметен од Анштајн, пољубезен од Мајка Тереза – Тој е Бог. За други Тој е лажен месија – измамник или само уште еден верски фанатик. Сепак, и 2000 години по неговата смрт, Неговиот живот и понатаму има најголемо влијание – поголемо од животот на Платон, Хенри Форд, Буда, Мојсеј, Мухамед или Конфучиј:

- Тој има милијарди следбеници насекаде во светот.
- Неговата животна приказна е бестселер секоја година.
- Неговото раѓање ја дели историјата на години пред Христа и години по Христа.
- Неговиот роденден го слават секоја година за време на Божиќ.
- Го почитуваат сите религии, а не само христијанството.
- Од Него потекнуваат класичните мудрости како што се „Блажени се оние што градат мир“ и „И така, сè што сакате да ви прават луѓето, правете им и вие така“, или, на пример, „Дојдете кај мене сите што сте уморни и натоварени и јас ќе ве одморам“.

Еден психијатар рекол дека, кога би ги зеле сите најдобри човечки совети (низ целата историја) за успешни односи, за добро ментално здравје и среќен живот, не би можеле да се мерат со Христовата проповед на Маслинската гора. Исус рекол: „Крадецот влегува само да украде, да заколе и да погуби. Јас дојдов за да имаат живот и да го имаат изобилно“ (Јован 10,10).

Неговите зборови јасно се занимаваат со големи животни прашања како што се: Дали некој ме сака – дури и ваков, со вакви маани? Што навистина вреди во животот? Што ќе се случи кога ќе умрам? Како да ја надвладеам мојата темна страна? Како треба да се однесувам кон другите? Како треба да се молам? Каков е Бог?

Исус рекол дека неговите зборови нема да исчезнат. Неговите збо-

рови проникнале во многу јазици, книги, изреки, уметнички дела, говори и песни од зборовите на кои било други личности – тие навистина не исчезнале.

Неговите зборови проникнуваат и во нашите срца, а нашето доаѓање на ова место на богослужение е потврда дека го знаеме одговорот на прашањето - „Кој е Исус?“

За нас Тој е: Бог, Господар над господарите, Почеток и Свршеток, Прв и Последен, наш Спасител. Времето поминато во неговиот дом навистина нека биде на слава на неговото име.

Сабота, *26 април 2025*

## БИДИ МЕЃУ ПРВИТЕ

**„И, одејќи покрај Галилејското Море, Исус го виде Симон и брат му Андреј како фрлаат мрежа во морето, зашто беа рибари. Исус им рече: ‚Врвете по Мене и Јас ќе ве направам ловци на луѓе!‘ И тие веднаш ги оставија мрежите и тргнаа по Него. Па, штом одмина малку, го виде Јаков Заведеев и брат му Јован, исто така во кораб како ги крпат мрежите свои; веднаш ги повика и нив. И тие, оставајќи го татка си Заведеј во коработ со наемниците, тргнаа по Него“ (Марко 1,16-20).**

Ова е евангелски извештај за првите Христови следбеници. Во овој извештај двапати се употребува временската определба „веднаш“. Со неа се означени мигови на пресврт. Што имале споменатите Христови следбеници пред да настапи моментот со временската определба „веднаш“?

Христовите следбеници ја имале својата област, својата татковина, Галилеја. Таа им била драга, навикнале на неа, се сродиле со неа и од неа излегувале само кога морале. Исто така имале свои роднински врски: семејство, роднини и пријатели. Покрај земјата и луѓето, тие имале и добра работа: биле рибари.

Што им се случило на овие луѓе кога настапил мигот обележен со зборот „веднаш“? Ова „веднаш“ значи „во тој даден миг“. Четворица-

та во даден момент го оставиле сето ова што е наброено; се откажале од својата врзаност за „родната грутка". Не останале без тло, но нивната татковина била таму каде што бил Христос.

Не ги задржал ниту некој богат улов ниту приликите во кои се наоѓале. Оставиле сѐ! Послушноста не гледа на часот. Таа го слуша Бога и одговара веднаш. Секоја наредба има свој час на извршување, свое „веднаш".

Мора да го споменам и тоа дека Христовите следбеници не престанале да размислуваат. Свесната послушност го вклучува и размислувањето, па и проценувањето. Учениците ја воочиле можноста да разговараат со својот Учител за таа нивна одлука и согласност.

„Петар почна да Му зборува: 'Гледај, ние оставивме сѐ и одиме по Тебе!' Исус пак одговори и рече: 'Вистина ви велам: нема никој, кој ќе остави куќа или браќа, или сестри, или мајка или татко, или деца, илиниви, заради Мене и заради Евангелието, а да не прими, сега стократно, во ова време: куќи, и браќа, и сестри, и мајки, и деца и ниви - заедно со гонењата - а во идниот век: вечен живот. Но мнозина први ќе бидат последни, а последните – први'" (Марко 10,28-31).

Да се молиме на Бога да бидеме меѓу првите, тоа да биде сега, веднаш, и – Господ нека даде – низ сите векови.

Сабота, *3 мај 2025*

## ГОСПОДАР НА БУРИТЕ

**„„Па им рече: ‚Што сте толку плашливи? Зар сѐ уште немате вера?'" (Марко 4,40)**

На 27 години Рембрант го насликал Христа како ја смирува бурата на Галилејското езеро. За овој настан читаме во четвртата глава на Евангелието според Марко. Во изразит контраст на светлината и сенките, сликата на Рембрант прикажува еден чамец среде страшна бура, на кој му се заканува уништување. И додека учениците се борат со ветрот, Исус мирно спие. Но, најчудно од сѐ е дека во чамецот има 13 ученици. Според мислењето на експертите за уметност, 13-тиот ученик е самиот Рембрант.

Марковото евангелие опишува како учениците научиле кој е Исус и што може Тој да направи. Додека со сите сили се обидувале да го спасат чамецот да не потоне, Исус спиел. Учениците му замериле: „И Го разбудија и Му рекоа: ’Учителе, зар не Ти е грижа, што ние загинуваме?’ И стана, му се закани на ветрот и му рече на морето: „Стивни! Молкни!“ И ветерот стивна и настана голема тишина. И им рече: ’Зошто се плашите толку? Како немате вера?’ И ги опфати голем страв, и говореа еден на друг: ’Кој е Овој, што и ветерот и морето Му се покоруваат?’“

И ние како Исусови ученици можеме да се најдеме во тој извештај; во животот на секој што се надева во Исуса, Тој ја покажува својата присутност, сочувство и власт над секоја животна бура.

Кога крај тебе беснее море жестоко,
а ти во јад мислиш дека сѐ пропаднало,
изброј ги сите дарови што ги примаш од Спасителот,
и песни благодарни ќе се заорат во срцето.

*Сабоша, 10 мај 2025*

## ДОГОВОР СО ГОСПОДАРОТ

На древниот Блиски Исток договорот меѓу господарот или владетелот и неговите поданици се нарекувал „Господаров договор“. Неговото потпишување секогаш барало жртвување на животни. По принесувањето, животните ги делеле на два дела и тие половини ги ставале на земјата една спроти друга, оставајќи простор меѓу нив. И додека господарот или владетелот би минувал меѓу нив, јавно објавувал дека ќе го почитува договорот, а ако не го исполни она што го ветил, ќе стане како тие „жртвени делови“.

Кога Аврам го прашал Бога како може да биде сигурен дека ќе го одржи даденото ветување, Бог се послужил со препознатливата слика на Господаровиот договор. Кога „огнениот пламен минувал меѓу оние жртвени делови“, на Аврам му било јасно дека Бог изјавува дека ја пре-

зема задачата да го одржи сојузот. Божјиот сојуз со Аврам и залогот дека ќе го исполни, ги опфаќа и Христовите следбеници. Затоа Павле во своите новозаветни посланија говори за Аврамовите синови (прочитајте Римјаните 4,11-18, Галатите 3,29).

Оној миг кога ќе го прифатиме Христа за свој Спасител, Бог станува Чувар на нашиот завет на верата (Јован 10,28.29) и можеме да Му го довериме својот живот.

Нашето спасение е сигурно, бидејќи тоа е во Божјите раце.

*Сабота, 17 мај 2025*

## СЛАВЕТЕ ГО БОГА

**„Слава на Бога! Фалете Го Бога во Неговото Светилиште, Фалете Го во величеството на небесниот свод!**

**Фалете Го заради Неговите силни дела, Фалете Го заради Неговата бескрајна величина!**

**Фалете Го со звуците на рогот, Фалете Го со псалтир и лира,**

**Фалете Го со игра и тапанче, Фалете Го со жичани инструменти и кавал,**

**Фалете Го со звучни кимвали, Фалете Го со воскликнувачки кимвали!**

**Сѐ што дише - Нека Го фали Господа! Алилуја!“ (Псалм 150)**

Псалм 150 не е само прекрасна химна. Читајќи го, можеме да научиме да го славиме Господа: каде да го славиме, зошто да го славиме, како да го славиме и кој треба да го слави?

Да запреме само на едно прашање. Кој треба да го слави? „Сѐ што дише“ (стих 6). Младите и старите. Богатите и сиромашните. Слабите и јаките. Сите созданија. Божја волја е сите на кои Бог им вдахнал здив на живот, да го користат тој здив потврдувајќи ја неговата моќ и величие. Кога го славиме Бога, ние му искажуваме благодарност за тоа што владее во слава, засекогаш. Да го воздигнеме неговото име и да го славиме со песна број _______.

*Сабота, 24 мај 2025*

## ЕХО

Еден човек и неговиот син еден ден се шетале низ шумата во планината. Одеднаш момчето се сопнало на некоја гранка и, штом ја почувствувало болката, крикнало: „Аааахх!“ Одненадеж се чул глас што доаѓал од планината: „Аааахх!“ Исполнето со љубопитност, момчето викнало: „Кој си ти?“ Но, одговорот што го добило гласел: „Кој си ти?“ Ова го налутило, па повторно викнало: „Кукавицо!“ Гласот одговорил: „Кукавицо!“ Момчето го погледнало татка си и прашало: „Тато, што се случува?“

„Сине“, рекол таткото, „обрати внимание.“ Тогаш таткото викнал: „Ти се восхитувам!“ Гласот одговорил: „Ти се восхитувам!“ Таткото повторно извикал: „Прекрасен си!“ Гласот возвратил: „Прекрасен си!“ Момчето стоело изненадено, но сѐ уште не сфаќало што се случува.

Таткото му објаснил: „Луѓето ова го нарекуваат ’ехо’. Но, тоа е всушност ‘животот’. Животот секогаш ти го враќа она што го даваш. Животот е огледало на твоите дела. Ако сакаш повеќе љубов, дај повеќе љубов. Ако сакаш повеќе добра, подари повеќе добра. Сакаш ли разбирање и почит, тогаш покажи кон другите разбирање и почит. Ако сакаш луѓето да бидат трпеливи кон тебе и да те почитуваат, тогаш и ти биди трепелив и почитувај ги. Ова правило се однесува на сите области на животот. Животот секогаш ти го враќа она што го даваш. Текот на твојот живот не е случај, тој е огледало на твоите дела.“

„А ова го велам: кој сее скржаво, скржаво и ќе жнее; кој сее во благослов, во благослов и ќе жнее“ (2. Коринќаните 9,6).

„Не лажете се: Бог не дозволува да биде изигран! Зашто што човекот ќе посее, тоа и ќе жнее“ (Галатите 6,7).

„И така, сѐ што сакате да ви прават луѓето, правете им и вие така“ (Матеј 7,12).

Сабота, *31 мај 2025*

## НЕ БОЈТЕ СЕ

**„А коработ беше веќе на сред море и брановите го удираа, зашто ветрот дуваше спротивно. Но на четвртата стража преку ноќта, дојде Исус кај нив, одејќи по морето. А учениците, штом Го видоа како оди по морето, се уплашија и рекоа: ‚Тоа е привидение!‘ и од страв извикаа. Но Исус веднаш почна да зборува со нив и им рече: ‚Не бојте се! Јас сум, не плашете се!'" (Матеј 14,24-27)**

Учениците биле преплашени од големите бранови, толку затекнати што сосема заборавиле на чудесните дела на кои присуствувале следејќи го Исуса. Тие целосно му се препуштиле на стравот и проблемот во кој се нашле. Некои од нив веројатно помислиле или кажале: Ова мора да е дело на сатаната. Ѓаволот дошол да нѐ убие бидејќи сме Христови ученици. Што лошо сме направиле? Кој од нас има грев, та Бог нѐ казнува? Зошто ни се случува сево ова? Го правиме она што Тој ни кажува да го правиме. Послушни сме. Зошто нѐ снајде оваа бура? Каде е сега Бог? Дали го гледа ова што ми се случува, дали се грижи?

Вистина е дека во мигови на неволји и зло, секому од нас можат да му дојдат вакви мисли на сомнеж. Но, на самиот врв на стравот, кога ноќта е најцрна, најбесна, ветриштата најгласни, а безнадежноста голема, Исус ни пристапува да ни се открие како Господар на брановите – Спасител во бурите на неволјите.

**„Господовиот глас е над водите, Бог на славата грми, Господ е над многу води!" (Псалм 29,3)**

*Сабота, 7 јуни 2025*

## НОВ ПОЧЕТОК

**„...И отидоа во друго село" - (Лука 9,56)**

Кога ја разбираме и ја признаваме Божјата волја за нашиот живот и го познаваме Божјиот карактер, тогаш сме во состојба сосема по-

инаку да гледаме на пречките и на противењата што доаѓаат во нашиот живот. Бидејќи сме во состојба да гледаме на тоа со Христови очи – не ги гледаме како пречки, туку како нови можности, наши и Божји. Кога Самарјаните одбиле да го примат Исуса и Неговите ученици, се вели дека, откако Исус ги укорил учениците заради тоа што сакале да се одмаздат за нивната постапка, „отидоа во друго село". Така е и во животот на оние што Бог ги води - секогаш има некое „друго село", нова шанса, нов почеток.

Драги пријатели на Божјата реч, браќа и сестри, во животот секогаш има нешто „следно". А тоа „следно село", всушност, било поблизу до Исусовата крајна цел. Следниот ден не морал да оди многу далеку. По горделивоста со која се соочил кај Самарјаните, Исус не очајувал. Всушност, тие му направиле услуга – го подбутнале поблизу до неговата конечна цел. Ова одбивање Исус го прифатил како Божја волја, и веднаш се појавила нова можност за него, некое друго село, нешто подобро.

Мора да сфатиме дека ние и Бог сме во состојба да одиме понатаму и дека моменталните пречки можеме да ги пресвртиме во нови можности. Му благодарам на Бога што во животот секогаш има „ново село", некоја нова шанса, нови можности, нов почеток... Му благодарам на Бога и за овој саботен ден во кој ни дава нова шанса да му пристапиме поблизу. Да го направиме тоа уште денес.

Сабота, *14 јуни 2025*

**ОХРАБРИ СЕ – УШТЕ НЕ Е КРАЈ!**

Ова утро ќе се запознаеме со еден псалмист. За Асаф се верува дека го напишал 73 псалм и дека бил диригент во еден од хоровите на израелскиот старозаветен цар Давид.

Асаф во своето жалење е сличен на многумина од нас. Чувствува дека е изигран и измамен. Од оваа страна на животот доживеал тешки разочарувања и неправди. Да го слушнеме за момент неговиот плач:

„А мене, за малку, ќе ми се сопнеа нозете, за малку ќе ми се лизнеа чекорите, зашто им завидев на злочинците, набљудувајќи го напредо-

кот на грешниците. Никакво страдање не носат, нивното тело е дебело. Не живеат во маките на смртниците, не ги удираат човечките неволји. Затоа гордоста е ѓердан на нивниот врат, а насилството облека што ги покрива... Со устата се нафрлаат врз небото, а нивниот јазик ја обиколува земјата. Затоа мојот народ се враќа и пие изобилно вода, Па велат: 'Од каде знае Бог? Сознава ли Севишниот?' Ете, такви се грешниците: секогаш спокојни, збираат богатство" (Псалм 73,2-6; 73,9-12).

Додека го гледа напредувањето на алчните луѓе и насилниците, псалмистот на ова место како да кажува: „Бог не постапува со своите избраници чесно. Другите се богатат, а јас останувам со празни раце. Другите одат по грешен пат, а пак напредуваат. Јас го чувам срцето чисто, а другите мамат и пак добро им оди. Јас, пак, не ни помислувам на кражба, но одвај спојувам крај со крај."

Иако предизвикан привидниот напредок на неправедните, овој Божји човек е сепак полн со доверба и по некое време на внатрешен судир и размислување, за безбожните, за горделивите и неправедните, го заклучува следново: „Сè додека не влегов во Божјото светилиште и не го разбрав нивниот крај".

И неколку илјади години подоцна, и современиот човек го мачат истите прашања, а одговорот е повторно ист: подигни го погледот кон небесното Светилиште и погледни зад завесата.

Сабота, *21 јуни 2025*

## СЛУЖЕТЕ МУ НА ГОСПОДА ВЕСЕЛО

**„Служете Му на Господа со веселба! Дојдете пред Неговото лице со радосни извикувања!" (Псалм 100,2)**

Ако му служиме на Бога радосно, тоа е знак дека сме негови. Оние кои му служат на Бога со жалосно лице, прават нешто што не го сакаат – тие всушност не научиле да му служат. Имаат облик на побожност, но нивниот духовен живот не е развиен.

На нашиот Бог не му требаат робови кои само ќе му упатуваат фалби до неговиот престол, а нивното срце е далеку од Него. Тој е Владетел во царството на љубовта и сака неговите службеници да се облечат во облеката на радоста. Ангелите му служат на Бога пеејќи а не воздивнувајќи; мрморењето и постојаното жалење би значело бунт во нивните редови. Жртвата што не е доброволна, не му носи радост на Бога, зашто Господ гледа на срцето; ако види дека му служиме само од должност, а не затоа што го сакаме, тогаш неговото родителско срце нема да биде среќно.

Службата полна со радост е служба од срце и затоа таа е вистинска служба. Ако му се одземе на христијанинот радоста на доброволната служба, му се одзема доказот за неговата искреност.. Радоста ни ја враќа среќата, ведрите мисли ги отстрануваат потешкотиите во службата. Ако ни недостасува света радост во работата, духот брзо ќе ни потклекне. Човек што радосно чекори во Господовата служба докажува дека послушноста е негова доблест; ќе може да пее: „Твоите сведоштва ми се вечно наследство, тие се радост во моето срце!“ (Псалм 100,111)

„Служете Му на Господа со веселба!“ Да му служиме на Господа радосно! Нашата радост нека им сведочи на оние кои мислат дека богослужението е робување. Нека сведочи дека тоа воопшто не е така!

Сабота, *28 јуни 2025*

## ГРАДИНА НА ИЗБОР

Пред распнувањето Исус поминал одредено време во Гетсиманската градина. Тоа било ноќта во која ја преживувал стравотијата на она што наскоро ќе следи. Затоа, Исус му се молел на својот Татко: **„Оче Мој, ако е можно, нека Ме одмине оваа чаша; сепак, нека биде не како што сакам Јас, туку како што сакаш Ти“ (Матеј 26,39)**

Каква била таа чаша пред која Исус треперел обземен со ужас? Тоа била чашата на Божјиот гнев, која требало да ја испие за секој од нас. Божјиот гнев, кој сме го заслужиле и сме требале да го примиме, паднал на Исуса.

Од љубов кон својот Татко, по долгата агонија, Исус ја прифатил чашата и во мугрите изустил: **„Татко Мој! Ако не е можно да Ме одмине оваа чаша, да не ја пијам, нека биде Твојата волја“ (Матеј 26,42)**. Навистина е неверојатно колку длабоко Исус бил готов да му верува на својот Татко, да му се предаде и да го изоди патот што морал да го мине заедно со Него.

Драги браќа и сестри, исто како Исус, и ние минуваме низ некоја наша гетсиманска градина на маки и борби. Тоа е градина во која решаваме дали ќе умреме за себе, за нашето „јас“, или не? Дали ќе му веруваме на Небесниот Татко кој е решен да ни помогне низ сите наши тешкотии што наидуваат во мугрите на нашиот живот, по ноќта помината во градината, или не?

Нашите чаши можат да бидат различни, непривлечни и збунувачки: Кога ни се чини дека животот повеќе нема смисла, кога проблемите изгледаат преголеми за со нив да се избориме, кога ни се чини дека нема да издржиме ни ден повеќе...

Каква и да е нашата агонија, секогаш постои избор и пат на мирот; тој се наоѓа во Исусовите зборови: „Нека биде Твојата волја.“ Да, понекогаш не е лесно. Но, да умре нашето „јас“, тоа не е лесно ниту претставува некоја забавна работа – тоа е крстот.

Човековиот грев почнал во градина, во онаа Едемска градина. Потоа Исус тој Адамов грев го зел на себе, повторно во градина, во онаа Гетсиманска градина! Адам и Исус имале слобода на избор. Слично на тоа, и ние ја потврдуваме својата преданост кон Бог Отецот во нашите мали градини на избор – бираме меѓу својата волја и Божјата.

Да избереме и денес повторно своето срце да му го покориме на Бога, целосно! Да му дозволиме на Неговиот Дух да го исполни, и тогаш ниту една неволја нема повеќе да биде толку голема и моќна за да нè спречи да гледаме со вера кон конечното исполнување на Божјите ветувања за Новата земја и животот без крај.

**Градиво за саботна школа**

УВОДНИ СТИХОВИ
2/2025

**Излегува тримесечно:**

**Издава:**
Одделение за саботна школа
Христијанска адвентистичка
црква во Р. Македонија

**Подготвил:**
Мелита Томовска

**Одговара:**
Илија Киров

**За интерна употреба**